Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 02-1172/1

24-12-2024 20 год. / viti

Врз основа на член 4, став 2 од Правилникот за начинот за спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на Република Македонија", бр. 147/10 и 34/11), претседателот на Инспекциски совет донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ВНАТРЕШНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ ОДОБРЕН БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА ВО ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

**Член 1**

Вкупниот одобрен буџет за 2025 година се распределува на следните делови:

| **Р.бр.** | **Опис на деловите на буџетот** | **Број на ставка** | **Максимален износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | **Вкупно одобрен буџет** | **04014** | **35.353.000** |
| 2. | Нераспределен дел од буџетот | | 0 |
| 3. | **Буџет наменет за заедничките расходи на субјектот** | **10** | **35.353.000** |
| 3.1 | **Плати и надоместоци** | **40** | **26.487.000** |
| | Основни плати | 401 | 19.152.000 |
| | Придонеси за социјално осигурување | 402 | 7.083.000 |
| | Надоместоци | 404 | 252.000 |
| 3.2 | **Стоки и услуги** | **42** | **6.216.000** |
| | Патни и дневни расходи | 420 | 258.000 |
| | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.300.000 |
| | Материјали и ситен инвентар | 423 | 258.000 |
| | Поправки и тековно одржување | 424 | 1.500.000 |
| | Договорни услуги | 425 | 2.600.000 |
| | Други тековни расходи | 426 | 300.000 |
| 3.3 | **Капитални расходи** | **48** | **2.650.000** |
| | Купување на опрема и машини | 480 | 300.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 2.350.000 |

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Инспекциски совет,
Даниела Рендевска

Подготвила: Сара Николовска, Раководител на Одделение за финансиски прашања

ДОСТАВЕНО ДО :
- архивата на Инспекциски совет и
- Министерството за финансии
(Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола)

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 02-1173/2

24-12-2024 20 год. / viti

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија", бр. 102/2019), член 10 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија", бр. 255/24) и член 2, став 1 од Правилникот за начинот за давање на овластување („Службен весник на Република Македонија", бр. 147/10 и 34/11) претседателот на Инспекциски совет донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање генерално овластување**

1. На Емил Димоски, раководител на Одделение за ИКТ поддршка во Секторот ИКТ во Инспекцискиот совет, ѝ се дава генерално овластување за преземање на финансиски обврски за реализирање на активностите дефинирани со стратешкиот план и буџетот за користење на средства за заеднички расходи одобрени со решението за внатрешна распределба на буџетот, бр. 02-1173/1 од 24.12.2024 година.
2. Примателот на овластувањето може да дејствува во рамките на ограничувањата утврдени во точка 1 од ова решение и е одговорен на давателот на овластувањето за користењето на овластувањето.
3. Врз основа на ова генерално овластување примателот на овластување не може да носи одлуки со значајно политичко или финансиско влијание без претходно одобрување од давателот на овластувањето.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Согласно член 10 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 255/2024), раководителот на јавниот субјект може да делегира овластувања и одговорности за спроведување на клучните процеси за финансиско управување и контрола на раководителите на внатрешните организациони единици.

Согласно член 2, став 1 од Правилникот за начинот за давање на овластување („Службен весник на Република Македонија", бр. 147/10 и 34/11) раководителот на субјектот дава генералното или посебното овластување за спроведување на финансиското управување и контрола.

Со оглед на наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, државниот службеник има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на врачување на решението.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Подготвила: Сара Николовска, Раководител на Одделение за финансиски прашања

ДОСТАВЕНО ДО :
- државниот службеник;
- персонално досие;
- архивата на Инспекциски совет и
- Министерството за финансии
 (Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола)

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 02-1173/3

24-12-2024 20 год. / viti

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија", бр. 102/2019), член 10 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија", бр. 255/24) и член 2, став 1 од Правилникот за начинот за давање на овластување („Службен весник на Република Македонија", бр. 147/10 и 34/11) претседателот на Инспекциски совет донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање генерално овластување**

1. На Маја Срезоска, раководител на Сектор за следење, координација и заеднички работи во Инспекцискиот совет, ѝ се дава генерално овластување за преземање на финансиски обврски за реализирање на активностите дефинирани со стратешкиот план и буџетот за користење на средства за заеднички расходи одобрени со решението за внатрешна распределба на буџетот, бр. 02-1173/1 од 24.12.2024 година.
2. Примателот на овластувањето може да дејствува во рамките на ограничувањата утврдени во точка 1 од ова решение и е одговорен на давателот на овластувањето за користењето на овластувањето.
3. Врз основа на ова генерално овластување примателот на овластување не може да носи одлуки со значајно политичко или финансиско влијание без претходно одобрување од давателот на овластувањето.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Согласно член 10 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 255/2024), раководителот на јавниот субјект може да делегира овластувања и одговорности за спроведување на клучните процеси за финансиско управување и контрола на раководителите на внатрешните организациони единици.

Согласно член 2, став 1 од Правилникот за начинот за давање на овластување („Службен весник на Република Македонија", бр. 147/10 и 34/11) раководителот на субјектот дава генералното или посебното овластување за спроведување на финансиското управување и контрола.

Со оглед на наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, државниот службеник има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на врачување на решението.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Подготвила: Сара Николовска, Раководител на Одделение за финансиски прашања

ДОСТАВЕНО ДО :
- државниот службеник;
- персонално досие;
- архивата на Инспекциски совет и
- Министерството за финансии
(Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 02-1173/4
24-12-2024 20 год. / viti

## РЕГИСТЕР НА ОВЛАСТУВАЊА НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ЗА 2025 ГОДИНА

| Бр. | Функција на давателот на овластувањето (ДО) и примателот на овластувањето (ПО) | Име и презиме | Потпис | Забелешки/ опфат на овластување |
|---|---|---|---|---|
| | **Овластувања** | | | |
| 1. | ДО:<br>Претседател на Инспекциски совет | Даниела Рендевска | [signature] | |
| 2. | ПО:<br>Раководител на Сектор за следење, координација и заеднички работи | Маја Срезоска | [signature] | Преземање на финансиски обврски за реализирање на активности дефинирани со стратешкиот план и буџетот за користење на средства за заеднички расходи одобрени со решението за внатрешна распределба на буџетот |
| 3. | ПО:<br>Раководител на Одделение за ИКТ | Емил Димоски | [signature] | Преземање на финансиски обврски за реализирање на активности дефинирани со стратешкиот план и буџетот за користење на средства за заеднички расходи одобрени со решението за внатрешна распределба на буџетот |

| Лица вработени во Одделние за финансиски прашања | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | Работно место | Контакт телефон | Е-маил |
| Сара Николовска | Раководител на Одделени за финансиски прашања | 075-801-234 | s.nikolovska@is.gov.mk |
| Андријана Алексова | Советник за буџетска координација | 075-462-799 | a.aleksova@is.gov.mk |

| Координатор за управување со ризици | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | Работно место | Контакт телефон | Е-маил |
| Сара Николовска | Раководител на Одделени за финансиски прашања | 075-801-234 | s.nikolovska@is.gov.mk |